Бр./Nr 12-5579/5

01-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносителел, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-9696/1 од 26.12.2022 година, оформен по пријава со наводи кои се однесуваат на отуѓување на јавен простор во стамбен блок во Општина ----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон.

Предметот со број 12-9696/1 од 26.12.2022 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

До ДКСК поднесена е пријава од познат подносител, со наводи кои се однесуваат на отуѓување на јавен простор во стамбен блок во Општина --------------- и оформен е предмет број 12-9696/1 од 26.12.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат за долгогодишен спор меѓу станарите што живеат во становите на ------------------ и лицето -----------------, кој поседува сопствен локал во близина на зградите и позади зградите каде се поставени гаражите поради што истиот го имал отуѓувано целото место.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК со барање за доставување податоци и информации бр.12-5579/1 до Општината ------------ побара да се произнесат дали лицето наведено во пријавата има спроведено постапка за откуп на земјиштето со број на парцела 1018/72,1018/73,1018/74 и по кој основ согласно Законот за градење, исто така се обрати и до Агенција за катастар и недвижности со барање бр.12-5579/2 да достави Уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижности (историјат) за сите катастарски парцели наведени во пријавата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По доставеното барање, од страна Општината добиен е одговор во кој не известува дека целокупната постапка е спроведена во системот gradezno-zemjiste, согласно Закон за градежно земјиште, односно по основ на дооформување на градежна парцела, со приложена целопуна документација. Во рамките на постапката добиено е и позитивно мислење од Државното правобранитлество на РСМ за подрачје Штип исто така потпишан е и договор за отуѓување кој што е спроведен во Агенција за катастар на недвижности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Одобрил**: Г.Т –член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk